РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08 - 2553/1
30 -07- 2026

Врз основа на член 22 и чл.23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата на 37-ма седница одржана на ден 29.07.2026 година донесе

***Одлука***

Постапката по предметот со број 08-4228/1 од 30.10 2021 година, СЕ ЗАПИРА.

Предметот со број 08-4228/1 од 30.10..2021 година да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на Државната комисија за спречување на корупцијата, во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

*О б р а з л о ж е н и е*

Предметот со број 08-4228/1 од 30.10...2021 година е оформен по сопствена иницијатива, од причина што Државната комисија за спречување на корупцијата по извршениот увид во својата евиденција констатирала дека лицето ------------------- во законски предвидениот рок по именување на функцијата член на управен одбор на ----------------------------, не поднел изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата. Поради тоа, на колегиумот одржан на ден 04.10..2021 година Државната комисија за спречување на корупцијата донела заклучок да иницира прекршочна постапка против именуваното лице, за сторен прекршок по член 82 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 109 од истиот закон.

Согласно со чл.41 став 1, 4, 7 и 9 од Законот за прекршоците ( „Службен весник на РСМ" бр. 96/2019 и 253/2023, Прекршочната постапка не можеда се води ако поминат две години од денот на последното дејствие на прекршокот. Застарувањето на прекршочното гонење започнува од денот на последното дејствие на прекршокот.

Во конкретниот случај, именувањето на лицето ------------------------ за член на управен одбор на ----------------------- на ден 30.07.2021 година и согласно со чл.82 ст 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, истиот имал обврска најдоцна во рок од 30 дена од денот на именувањето, односно до 30.08.2021 година, да поднесе изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата. Имајќи предвид дека од денот на издавање на прекршочниот платен налог се изминати повеќе од две години а не е превземено дополнително дејствие за гонење на сторителот настапила застареност на прекршочното гонење, поради што прекршочна постапка не може да се поведе ниту да се води.

Од наведените причини, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Изработил: м-р Б. С. Советник
Контролирал: Н.Т.М., р.о.
Согласен: К.З., р.с.
Одобрил: м-р Б.К.Ш., член на ДКСК

Претседател,

Адем Чучуљ